**20150320961**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 27 став (1) алинеја 9 од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија“ број 140/08, 53/11, 123/12, 70/13, 164/13 и 138/14), министерот за внатрешни работи донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ВИСИНАТА НА ТРОШОЦИТЕ ВО ПОСТАПКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА РЕГИСТАРСКИ ТАБЛИЦИ

Член 1

Во Правилникот за висината на трошоците во постапката за издавање на регистарски таблици („Службен весник на Република Македонија“ број 31/12 и 114/14), во Прилогот по точката 32. се додава нова точка 33., која гласи:

| | | | |
|---|---|---|---|
| „33. | Регистарски таблици за велосипед со помошен мотор, мопед, моторцикл, лесен трицикл, трицикл и лесен четирицикл со содржина на броевите на регистарските таблици по барање на сопственикот | 1 (парче) | 3.690,00 денари“ |

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 13.1-15449/1
4 март 2015 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
м-р **Гордана Јанкулоска,** с.р.